Почитувани,

Асоцијацијата на професионалци во јавни набавки – АПЈН, Ве информира дека на **18 ти октомври 2019** година ќе одржи обука на тема:

## „ НАЧИН НА УПРАВУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ЕКОНОМСКИ НАЈПОВОЛНА ПОНУДА “

Ве покануваме да учествувате на обука која на Вас и на Вашите вработени ќе им овозможи да се стекнат со повеќе можности во спроведување на тендерски постапкии запознавање со новиот Закон за јавните набавки. Обуката ќе се одржи **во хотел Stone Bridge во Скопје на 18.10.2019 година.**

**Акцентот на оваа обука** ќе биде на примена на критериумот економски најповолна понуда во постапките за јавни набавки како и пренесување на дел од искуствата од оваа област од Јадранскиот форум за јавни набавки кој се одржа во Порторож-Словенија од 23-26.09.2019 година.

Идентификација и решавање на реални проблеми во областа јавни набавки преку:

- поставување на прашања;
- вклучување во дискусија;
- можност за размена на мислење и дискусија со лица кои имаат теоретско и практично знаење

Тим од стручни предавачи каде се споени искуството со стратегии и планирања на јавни набавки.